Република Македонија

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Ул. "Вељко Влаховиќ " 6б, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.________________

____________ 2015год.

СКОПЈЕ

Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, согласно член 12 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија, го утврди следниот:

# РАСПОРЕД
## За работата на Судскиот совет на Република Македонија за тековната 2015 година

### I

За поефикасно, квалитетно и ажурно следење на работата на судиите и судовите во Република Македонија се врши распоред за работата на членовите на Судскиот совет на Република Македонија. При тоа секој од членовите на Судскиот совет се определува како координатор за следење на работата на определени судови.

За координатори за следење на работата на судиите и судовите во Република Македонија се определуваат следните членови на Судскиот совет на Република Македонија:

**Лидија Каначковиќ** - за координатор за следење на работата на Врховниот суд на Република Македонија;

**Јелица Крстевска** - за координатор за следење на работата на Вишиот управен суд и Управниот суд Скопје;

**Мирјанка Гоцевска Стефановска** - за координатор за следење на работата на судовите од подрачје на Апелациониот суд Скопје;

**Влатко Самарџиски** - за координатор за следење на работата на судовите од подрачје на Апелациониот суд Битола;

**Зоран Караџовски** - за координатор за следење на работата на судовите од подрачје на Апелациониот суд Гостивар и

**Мери Дика Георгиевска** - за координатор за следење на работата на судовите од подрачје на Апелациониот суд Штип.

Членовите на Судскиот совет на Република Македонија воедно се определуваат и како координатори за следење на работата на судиите и судовите во Република Македонија поединечно по судови и тоа со следниот распоред:

**Лидија Каначковиќ** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Врховниот суд на Република Македонија и Основниот суд Скопје 2 Скопје;

**Влатко Самарџиски** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Апелациониот суд Битола и Основниот суд Битола;

**Мирјанка Гоцевска Стефановска** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Дебар;

**Александра Зафировска** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основниот суд Скопје 1 Скопје;

**Зоран Караџовски** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Апелациониот суд Гостивар, Основниот суд Гостивар и Основниот суд Тетово;

**Мери Дика Георгиевска** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Апелациониот суд Штип, Основниот суд Штип и Основниот суд Свети Николе;

**Јелица Крстевска** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Вишиот управен суд и Управниот суд Скопје;

**Шемседин Јусуфи** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основниот суд Гевгелија, Основниот суд Охрид и Основниот суд Струга;

**Беќир Шаини** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Неготино и Основен суд Крушево;

**Селим Адеми** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основниот суд Крива Паланка, Основниот суд Прилеп, Основниот суд Радовиш и Основниот суд Кочани;

**Виолета Богојеска** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основниот суд Куманово, Основниот суд Струмица и Основниот суд Кичево и

**Беким Реџепи** се определува како координатор за следење на работата на судовите и судиите од Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Виница и Основен суд Ресен.

Во рамките на својата надлежност, а согласно член 31 алинеја 15 од Законот за Судски совет на РМ и Законот за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ бр.82/2008 ) членовите на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат по поединачни претставки и поплаки на граѓаните и правните лица кои се однесуваат на работата на судиите и судовите во Република Македонија. Претставките и поплаките кои се доставени до Судскиот совет на Република Македонија се евидентираат во граѓанска и кривична материја и се распоредуваат на членовите на Судскиот совет и тоа:

На претставки од **граѓанска материја** во две работни групи:

Работна група во состав од: **Мери Дика-Георгиевска** како одговорен член и **Јелица Крстевска и Виолета Богојеска**– членови на Судскиот совет на РМ.

Работна група во состав од **Влатко Самарџиски** како одговорен член и **Лидија Каначковиќ, Селим Адеми и Шемседин Јусуфи** – членови на Судскиот совет на РМ.

На претставки од **кривична материја** во една работна група:

Работна група во состав од **Мирјана Гоцевска -Стефановска** како одговорен член и **Беќир Шаини, Александра Зафировска, Беким Реџепи и Зоран Караџовски -** членови на Судскиот совет на РМ.

По поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно надлежноста на Судскиот совет на РМ членовите на Судскиот совет на РМ ќе постапуваат на начин што поднесените поединечни предмети ќе ги примаат лично и истите ќе ги разгледуваат со што за сите прашања што се однесуваат на претставката ќе реферираат пред работната група во која се распоредени да работат, имајќи ги во предвид притоа одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ бр.82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите (Службен весник на РМ број 2/2009). Државните советници распоредени по работните групи и материја ќе постапуваат по напатствијата на членовите на работната група во која се распоредени да работат.

**II**

За верификација на одлуките на Судскиот совет на РМ кои ќе се објавуваат на веб страната на Советот се определува **Весна Михајловска,** а за уредување на веб страницата и правната пракса на Судскиот совет се

определува – **Владимир Станковиќ**. За одговорен се определува членот на Советот **Виолета Богојеска**.

За следење на информатичката технологија, аналитиката и статистиката во Судскиот совет се определува – **Влатко Самарџиски**– член на Судскиот совет на РМ.

За постапките согласно Законот за јавни набавки за одговорни се определуваат членовите на Судскиот совет на **Влатко Самарџиски, Виолета Богојеска и Зоран Караџовски** – членови на Судскиот совет на РМ.

**III**

Распоред на работата на Државните советници за студиско аналитички и документациони работи во Судскиот совет на Република Македонија за 2014 година:

**Весна Толева** се распоредува на изготвување на записници и одлуки од седниците на Судскиот совет заедно со Генералниот секретар. За замена во случај на отсуство и потреба за работа се определува државниот советник **Надежда Кокаланова- Дамјановска**.

**Весна Михајловска и Јулијана Георгиевска** се распоредуваат во работната група од граѓанска материја каде за одговорен е определен членот на Судскиот совет на РМ –**Мери Дика- Георгиевска,** со тоа што **Весна Михајловска** се распоредува за работа со членот на Советот **Виолета Богојеска, а Јулијана Георгиевска** се распоредува за работа со членовите на Советот- **Мери Дика- Георгиевска и Јелица Крстевска**.

**Надежда Кокаланова-Дамјановска и Владимир Станковиќ** се распоредуваат во работната група од граѓанска материја каде за одговорен е определен членот на Судскиот совет на РМ – **Влатко Самарџиски,** со тоа што **Надежда Кокаланова** се распоредува за работа со членовите на Советот- **Влатко Самарџиски и Селим Адеми, а Владимир Станковиќ** се распоредува за работа со членовите на Советот- **Лидија Каначковиќ и Шемседин Јусуфи.**

**Анита Андоноска и Емилија Николиќ** се распоредуваат во работната група од кривична материја каде за одговорен е определен членот на Судскиот совет на РМ- **Мирјанка Гоцевска –Стефановска,** со тоа што **Анита Андоноска** се распоредува за работа со членовите на Советот- **Беќир Шаини, Александра Зафировска и Зоран Караџовски, а Емилија Николиќ** се распоредува за работа со членовите на Советот- **Мирјанка Гоцевска –Стефановска и Беким Реџепи.**

Воедно се распоредуваат за постапување по предметите поднесени согласно со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Зоран Тапчановски** се распоредува за постапување по поднесените пријави на кандидатите за судии по објавените огласи, изготување на кандидатските листи, аналитиката и статистиката во Судскиот совет на РМ, како и за подготовка на материјалите по НПА програмата. За замена во случај на отсуство и потреба за работа се определува државниот советник **Владимир Станковиќ.**

Актите со кои се известуваат подносителите на претставката и поплаката за тоа дека претставката е земена во работа како и актите со кои се известуваат за основаноста и за резултатите од постапувањето ќе ги потпишуваат членовите на Судскиот совет на РМ.

Комисиите за водење на постапките за утврдување на нестручно и несовено вршење на судиската функција и постапките за дисциплинска одговорност на судиите ќе се формираат за секој случај оделно.

По доставените извештаи на Министерството за правда за донесени одлуки против Република Македонија од страна на ЕСЧП за повреда на правото на судење во разумен рок согласно член 6 став 1 од Конвенцијата, ќе постапуваат секој од членовите на Судскиот совет во рамките на работната група во која се распоредени да работат. За изготвување на финалниот Извештај на Судскиот совет по однос констатираната состојба по поединечни судски предмети за повреда на правото на судење во разумен рок за одговорен се определува членот на Судскиот совет - **Мери Дика- Георгиевска.**

Распоредот може да се менува во текот на годината согласно потребите.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Бранко Ушковски**